За потребите на проектот „Граѓанинот на прво место“ (финансиран од Сектор за централно финансирање и склучување на договори на Министерството за финансии на Република Македонија, во рамките на Националната програма за помош при транзиција и институционална надградба 2011, а кофинансиран од Британската амбасада), Центарот за управување со промени - ЦУП испраќа:

**ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ – 0801-01/2017**
**за набавка на услуги за одржување на завршна конференција**

1. Центарот за управување со промени - ЦУП во рамките на проектот „Граѓанинот на прво место“ има потреба од услуги за одржување на завршна конференција за проектот „Граѓанинот на прво место“.

Услугите треба да вклучуваат:

- Изнајмување на сала за конференција за 60 учесници
- Коктел за 60 учесници
- Кафе пауза за 60 учесници
- Негазирани води за 60 учесници
- Аудио опрема (озвучување и микрофони)
- Кабини за преведувачи (две)
- Проектор и простор за проектирање

2. Време на одржување

Завршната конференција на проектот се планира да се одржи на **11.05.2017 година (четврток)**. *ЦУП го задржува правото на измена на времето на одржување на конференцијата, во текот на месец мај 2017 година.*

3. Ве охрабруваме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Опис на салата
- Опис на понудената опрема
- Опис на коктелот
- Финансиска понуда

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

| Ставка | Опис на услугата | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| **ВКУПНО** | | | |

Финансиската понуда треба да биде изразена без вклучен ДДВ, бидејќи проектот е ослободен од плаќање на ДДВ.

4. Изборот на добавувачот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.

5. Услови и начин на плаќање

Плаќање: 100% по реализација на услугата.

6. Набавката е неделива.

7. Начин на доставување на понудите

Понудата се доставува по е-пошта на следната адреса: info@cup.org.mk, или во хартиена форма во архивата на Центарот за управување со промени, на адреса: ул. Рајко Жинзифов бр.44-1, Скопје.

Краен рок на доставување на понудите е до **21.04.2017 година (петок), до 16 часот**.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-пошта на ЦУП, info@cup.org.mk, најдоцна до 20.04.2017 година.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена.